Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve

Сектор за еднакви можности

Врз основа на член 3 од Одлуката за формирање Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.166/25), Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите на седницата одржана на 29.12.2025 година, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 17-254/1
12-01- 2026 20 год. / viti

## ПРОГРАМА

## за работа на Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2026 година

Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите (Интерресорска група) претставува клучен координативен и советодавен механизам за унапредување на родовата еднаквост и интегрирање на родовата перспектива во креирањето, спроведувањето и следењето на јавните политики. Преку меѓусекторска соработка и размена на информации, Интерресорската група придонесува кон поефикасно и покоординирано дејствување на институциите на извршната власт во областа на еднаквите можности на жените и мажите.

Програмата за работа на Интерресорската група за 2026 година се темели на законските надлежности и утврдената улога на Групата, како и на стратешките определби на Владата за унапредување на концептот на родова еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, превенција и заштита од сите форми на насилство спрема жените и девојчињата и вклучување на родовата перспектива во креирање на политиките и буџетите, почитување на човековите права и исполнување на меѓународните обврски на Република Северна Македонија, вклучително и обврските кои произлегуваат од Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW), Истанбулската конвенција и Агендата 2030 за одржлив развој, како и процесот на пристапување кон Европската Унија.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Во 2026 година, ИР ќе го насочи своето работење кон зајакнување на институционалните и организациските капацитети за родова еднаквост, унапредување на родово одговорното планирање, буџетирање и известување, како и кон обезбедување системско и навремено следење на спроведувањето на политиките и мерките за еднакви можности на жените и мажите на национално и секторско ниво.

Посебен акцент во Програмата е ставен на подобрување на координацијата меѓу ресорните министерства, зголемување на транспарентноста и отчетноста, како и на вклучување на релевантни чинители, вклучително и граѓанските организации, академската заедница и социјалните партнери. Програмата за 2026 година претставува јасна рамка за делување на ИР со цел унапредување на родовата еднаквост и еднаквите можности на жените и мажите во сите области на општественото живеење.

<table>
<tr><td colspan="4">Општа цел – Координирано и системско дејствување на владините и ресорските политики за унапредување на родовата еднаквост и правата на жените</td></tr>
<tr><td colspan="4">Исход –Институционални /организациски подобрувања за унапредување на ЕМЖМ</td></tr>
<tr><td>Излезен Резултат</td><td>Тема/прашање за разгледување на седница</td><td>Број на седници</td><td>Временска рамка</td></tr>
<tr><td>Заклучоци и препораки за ефикасно планирање и следење на родовата еднаквост во владините и секторските политики</td><td>Разгледување на Програмата на Владата 2026<br><br>Меѓусебно информирање за ресорски планови и буџети за ЕМЖМ во 2026<br><br>Утврдени клучни предизвици за внесување на РЕ во стратешко, оперативно и буџетско планирање</td><td>1</td><td>I квартал</td></tr>
<tr><td>Заклучоци и препораки за</td><td>Дискусија за обемот и квалитетот на информации</td><td>1</td><td>II квартал</td></tr>
</table>


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| навремено и квалитетно следење и известување за спроведување на обврските за унапредување на ЕМЖМ од страна на одговорните субјекти | во годишните извештаи на ОДУ и ЕЛС<br>Дискусија по предлог годишниот извештај на МСПДМ за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите и Годишен извештај за реализирање на АП согласно Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027.<br><br>Дискусија по предлог годишниот извештај на ИР до Владата на РСМ<br><br>Тематски седници по приоритетни области | | |
| Исход- Подобрувања на ниво на вклучување на ЕМЖМ во секторски политики | | | |
| Утврден степен на усвоени препораки | Разгледување на плановите и буџетите | 1 | IIIквартал |
| Исход- Зголемена отчетност и влијание на ИРКСГ | | | |
| Заклучоци и препораки за планирање на програмата на Владата на РСМ за 2027 | Дополнителни секторски јавни расправи<br>Анализа на предлози и препораки | 1 | III квартал |


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk